АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 25.09.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3506/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. **Период опфатен со надзорот:** 5 септември 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 септември 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
    - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
    - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
    - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
    - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 5 септември 2026 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име и адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51 став 1 од од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 5 септември 2026 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***